Друштво за производство, промет и услуги
СУПЕРТРЕЈД ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 0302-926
08.11 2024 год.
СКОПЈЕ

СУПЕРТРЕЈД ДООЕЛ
Официјална лиценца од
Gulf Oil International Group

SUPERTRADE DOOEL
Official Licensee of the
Gulf Oil International Group

**До**
**Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини на Република Северна Македонија**

**Предмет:** Забелешки во однос на Предлог законот за енергетика, предлози и укажувања за дополнувања

Почитувани,

Во врска со објавениот предлог Закон на законот за енергетика, сметаме дека не е доволно обработен пазарот на сурова нафта, нафтени деривати и горива за транспорт, со особено внимание на обврските кои треба да ги исполнуваат трговците на големо со нафта, нафтени дериват, биогорива и/или горива за транспорт.

Бидејќи во самиот предлог закон е предвидено дека е потребно да се поседуваат објекти за складирање, сметаме дека е потребно дефинирањето на капацитетите и техничките прописи кои треба да ги исполнуваат објектите за складирање, како и начинот на вршење на енергетската дејност трговија на големо со нафта, нафтени дериват, биогорива и/или горива за транспорт, подетално да се уредат со Законот за енергетика, како би се воспоставила поголема тежина во однос на исполнување на законските услови за добивање на лиценца за трговија со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива или горива за транспорт. Согласно наведеното, сметаме дека не е доволно разработен начинот на кој носителите на лиценци се должни да ја извршуваат својата дејност и дополнително капацитетите кои се предвидени со Правилникот за условите за евидентирање на количините и потребните капацитети на објектите за складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт се многу мали во однос на реалната потрошувачка на пазарот, и со самото тоа се овозможува нелојална конкуренција на пазарот со нафта и нафтени деривати, односно се овозможува фирмите на многу полесен начин да добијат лиценца за трговија со нафта и нафтени деривати и со тоа се доведуваат во понеповолна положба трговците кои инвестираат во своите складишни капацитети со цел обезбедување на поголемо количество на нафтени деривати и обезбедување на стабилност на пазарот со нафта и нафтени деривати. Имајќи го предвиде наведеното ги предлагаме следните складишни капацитети кои треба да ги исполнува еден носител на лиценца со цел вршење на енергетска дејност трговија на нафта и нафтени деривати:

Објект за складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива или горива за транспорт (во натамошниот текст: склад) треба да има резервоар со минимална зафатнина од:

1) минимална зафатнина за дизел 5.000 м3;

Булевар 8-ми Септември бр. 20/И-ДП1 Скопје
Blvd. 8th of September No. 20/I-DP1 Skopje
Тел: +389(0)2 2777 499
Tel: +389(0)2 2777 499
www.supertrade.com.mk
office@supertrade.com.mk

2) минимална зафатнина за моторни бензини и останати горива за транспорт 1.000м3;

3) минимална зафатнина за мазут 1.000 м3;

Поголеми капацитети за складирање на дизел гориво се налага поради тоа што постои најголем обем на тргување со истиот и неопходно е носителите на лиценци да поседуваат поголеми складишен капаците, како би се обезбедила стабилност на пазарот.

Воедно, предлагаме во Законот изрично да се уреди начинот на кој трговците на големо со нафтени деривати ќе ги внесуваат своите количини и ќе вршат продажба на истите. За таа цел, потребно е да се дефинира дека секој трговец на големо задолжително ќе биде потребно сите набавени количини да ги внесе и евидентира во своите складишни капацитети и понатамошната продажбата да се врши исклучиво од складишните капацитети, кои носителот на лиценца ги има пријавено во Регулаторната комисија за енергетика и врз основа на кои е издадена лиценца за трговија на големо со нафта, нафтени деривати, биогорива и/или горива за транспорт.

Евидентирањето на оваа одредба, потребно е законодавецот да ја дефинира со одложена примена, односно да се отстапи временски период од една година, во кој период носителите на лиценци за трговија на големо со нафта, нафтени деривати, биогорива и/или горива за транспорт ќе може да ги спроведат потребни активности за организирање на работниот процес и прилагодување на новите услови.

Се надеваме дека ќе ги разгледате нашите предлози и дека истите ќе бидат евидентирани во Предлог законот за енергетика.

Ви стоиме на располагање доколку Ви се потребни дополнителни информации.

Со почит,

Скопје, 08.11.2024 година,

---------------------------------------
Супертрејд ДООЕЛ Скопје

Булевар 8-ми Септември бр. 20/И-ДП1 Скопје
Blvd. 8th of September No. 20/I-DP1 Skopje
Тел: +389(0)2 2777 499
Tel: +389(0)2 2777 499
www.supertrade.com.mk
office@supertrade.com.mk